MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-2377/5
20.11.2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – Трговско друштво за вработување на инвалидни лица – -----------------------------, на ден 10.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 24-та седница одржана на 15 ноември 2019 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од познат подносител – Трговско друштво за вработување на инвалидни лица – --------------------------, на ден 10.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-2377/1 од 10.04.2019 година, во која се укажува на сомневање за злоупотреби, незаконитости и одолговлекување на преземање на дејствија од страна на судијата во Основниот суд Крива Паланка кој ја води судската постапка против обвинетиот ---------------------- за кривично дело Измама по член 247 став 3 од Кривичниот законик на РСМ заведена под К бр.22/2018, која постапка како што е наведено во пријавата е започната пред повеќе од 6 години.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по преземените дејствија утврди дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот, поради непотврденост на наводите содржани во пријавата.

Предметот со број 12-2377/1 од 10.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2377/1 од 10.04.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – Трговско друштво за вработување на инвалидни лица – --------------------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за злоупотреби, незаконитости и одолговлекување на преземање на дејствија од страна на судијата во Основниот суд Крива Паланка кој ја води судската постапка против обвинетиот --------------------- за кривично дело Измама по член 247 став 3 од Кривичниот законик на РСМ заведена под К бр.22/2018, која постапка како што е наведено во пријавата е започната пред повеќе од 6 години.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите содржани во пријавата, беше доставено Барање за доставување на податоци и информации до Судскиот совет на Република Северна Македонија со број 12-2377/3 од 06.08.2019 година, со кое се бара да се утврди дали се сторени неправилности/незаконитости во постапувањето/работењето на судијата во Основниот суд Крива Паланка кој ја води судската постапка против обвинетиот ------------------ за кривично дело Измама по член 247 став 3 од Кривичниот законик на РСМ заведена под К бр.22/2018 и за резултатите да ја извести Државната комисија за спречување на корупцијата.

Бр. ________

________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Од Судскиот совет на Република Северна Македонија е доставен одговор - целосна информација со број 12-2377/4 од 14.08.2019 година во кој се наведува дека констатира постоење на објективни причини при постапување по предметот. Исто така, Судскиот совет известува дека на ден 10.04.2019 до Советот е поднесена претставка од страна на истиот подносител, во која се изразува незадоволство од работата на Основен суд Крива Паланка за започната постапка пред повеќе од 6 години, против обвинет ----------------------- од Крива Паланка за кривично дело „Измама" по член 247 став 3 од КЗ во која постапка фирмата се јавува како оштетен и има пријавено имотно правно барање. Судскиот совет на Република Северна Македонија ја разгледал претставката на седница одржана на ден 29.05.2019 година и доставил писмено известување до подносителот под УПП бр.08-174 од 19.06.2019.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека Судскиот совет на Република Северна Македонија постапил по претставка од ист подносител и за иста фактичка состојба, при што го известил подносителот за спроведените извиди и констатираната состојба при водење на предметната постапка, па оттаму одлучи дека наводите содржани во пријавата не се потврдени.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19) одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено на ден 15.11.2019 година по број 12-2377/5

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**